# Семејството и обичаите во античка Хелада и Рим

**Цели на часот што треба да се постигнат:**

**Ученикот/ученичката да:**

- ☑ научи какви биле семејните обичаи и брачните односи помеѓу сопружниците во Хелада и Рим;
- ☑ ги споредува сличностите и разликите помеѓу античките и современите семејни обичаи и брачни односи;
- ☑ ја разликува положбата на жената во антиката и денес;
- ☑ го разбира поимот familia во антички контекст;
- ☑ го препознава значењето на патријархатот кај Хелените и Римјаните.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.2.1 БРАКОТ ВО АНТИЧКИОТ СВЕТ

- Бракот бил света заедница помеѓу маж и жена и се сметал за задолжителна обврска за секој граѓанин.
- Мажите стапувале во брак често по дваесеттата година од животот.
- Бракот не се склопувал од љубов, туку преку намерништво во кое главен збор заземале родителите.
- За да се запази наследството во рамки на поширокото семејство, во Атина бракот се договарал меѓу блиски роднини.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.2.2 ТИПИЧЕН СВАДБЕН ОБИЧАЈ КАЈ АТИЊАНИТЕ

- Пред свадба, невестата и младоженецот се капеле во корито со вода од свет извор.
- Наутро, се принесувала жртва на богови заштитници на бракот, а подоцна роднините се гоштевале во куќата на таткото на младоженецот.
- Во вечерните часови младоженецот свечено ја возел невестата на кочија до неговиот дом. Поворката од роднини и пријатели се движеле пеш зад кочијата, свиреле на авлос и лира и пееле свадбени песни епиталамии.



**Свадба помеѓу Пелеј и Тетида**
Атичка црвенофигурална пиксида, околу 407-460 год. пр. н.е. (Лувр).

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# V.2.3 ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА

- Жената ретко била присутна во јавноста.
- Го поминувала времето дома, а јавно учествувала само за време на верски или свадбени свечености.
- При напуштање на домот и средба со поблиските пријатели, задолжително ја придружувал роб.
- Како господарка во домот, управувала со робовите и организацијата на домаќинството, а влијаела и врз одлуките на нејзиниот сопруг кој се сметал за глава на семејството.
- Жените од благодорничките семејства немале никакви граѓански и политички права, целосно биле ограничени во јавниот живот. Жените, пак, од сиромашните семејства уживале повеќе слободи.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.2.4 КОИ ЧЛЕНОВИ СПАЃАЛЕ ВО РИМСКАТА ФАМИЛИЈА?

- Во римското семејство наречено familia спаѓале следниве членови:
- **Татко (лат. pater familias, dominus)**
- **Мајка (лат. mater familias, domina, matrona)**
- **Деца (лат. liberi)**
- Робови (лат. servi)
- Ослободеници (лат. libertini)
  и слободни граѓани (лат. ingenui)
- Штитеници (лат. clientes) кои имаат
  сопствени покровители (лат. patroni)
- **Семејни Лари (лат. Lares familiares)**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# V.2.5 УЛОГАТА НА ТАТКОТО ВО РИМСКОТО СЕМЕЈСТВО

- Таткото или pater familias претставува глава на римското семејство. Истата положба ја уживал и таткото во семејствата на Хелените.
- Тоа значи дека класичните култури биле исклучиво **патријархални** (ст.грч. πατριά, потекло, и ст.грч. ἄρχω, управувам), каде што мажите се управители на семејството, општеството и државата.
- Власта на таткото врз неговите членови била неприкосновена и се нарекувала **potestas**. Тој одлучувал за бракот на неговите деца и за севкупниот живот на неговите членови.
- По раѓањето, ако таткото не го прими новороденчето во прегратка, тоа било знак дека не го прифаќа. Тогаш, новороденчето се изложувало пред римската куќа во колевка за да го присвои некое друго семејство.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ПРАШАЊА ЗА ДОМАШНА РАБОТА



1) Зошто бракот во антиката не се склучувал од љубов?
2) Дали жената во антиката ги уживала истите права како и современата жена? Ако одговорот е НЕ, објасни зошто.
3) Кои членови спаѓале во римската фамилија?
4) Која е разликата помеѓу улогата на таткото во антиката и неговата улога денес?



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# КАКО ДА ЈА СРАБОТИШ ДОМАШНАТА ОБВРСКА?

1) Првин, во тетратката по наставниот предмет ККЕЦ или во програмата Мајкрософт Ворд препиши ги прашањата редоследно.
2) Одговорај ги едно по едно.
3) Откако ќе ги одговориш сите или повеќето од нив, на крајот запиши ги:

   - твоето име и презиме

   - паралелката и одделението.



1) Со мобилен телефон јасно фотографирај сѐ што е запишано во тетратката и прикачи ја фотографијата во твојата папка во Мајкрософт Тимс во предметниот тим. Доколку ги одговараш прашањата во Мајкрософт Ворд, тогаш прикачи ја датотеката во папката.

**ФЕЈСБУК-АДРЕСА НА СТРАНИЦАТА: WWW.FACEBOOK.COM/MYTHOLOGIA**

# БИБЛИОГРАФСКИ, ЕЛЕКТРОНСКИ И ФОТОГРАФСКИ ИЗВОРИ

**Библиографски и електронски извори:**


- George Willis Botsford, *Ancient History for Beginners*, Toronto Morang & Co. Ltd, 1905, стр.250-251
- https://www.ducksters.com/history/ancient_rome/family_life.php
- Фејсбук-страница АРГО (www.facebook.com/argo2020)


**Линкови за фотографии и илустрации:**


- https://bit.ly/34B5Ley





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

BY NC ND